Центар за економска анализа

**Реформи**

Марјан Николов, м-р
Центар за Економски Анализи-ЦЕА

Се случија повеќе настани за кратко време кои како и секогаш во Македонија будат неодложна инспирација за кратко обраќање кон македонската јавност за она што се случувало до сега со кратки пораки до новата влада да не ги прави грешките на сите претходни влади.

1. Интересно е наоѓањето на ММФ дека структурно не сме се престроиле како и на некои претставници на стари ЕУ земји дека, еве, планираат да градат добрососедски односи со некои земји во кои ја ставаат и РМ. Ова е толку поразителна оценка што не треба ни да ни падне на памет за влез во ЕУ. Оваа порака е и рефлексија на моето мислење дека ние сме се уште во планска економија бидејќи, нели, требаше да ја преструктуираме економијата, па да станеме ЕФИКАСНА пазарна економија. Во таа смисла го правдувам ставот на новата влада дека треба прво да се изработат домашните работи како основа за ЕУ интеграција. Инфлација на закони без реална поткрепа на терен за имплементација не води кон ЕУ. Инаку, само да потсетиме и да не заборавиме (за тоа друг пат) дека во неуспешното преструктуирање, играч беше и Светска Банка. Интересно е владата да направи анализа од ефектите на секторски потрошените пари од Светска Банка и бенефитите, имајќи го во предвид генералниот став од погоре дека не сме се преструктуирале. За заинтересираните им предлагам да си го читаат и Вилијам Истерли.
2. Значи во Македонија не функционира пазарната економија. На повеќе наврати во разни министерства ќе предложам разни мерки но од таму ќе чујам одговор дека тие економски мерки кај нас нема да функционираат. Значи некои луѓе, во сите влади досега, имаат некои информации кои јас како аналитичар и практичар ги немам и дека јас всушност со моите обиди да применам економска наука за предлог економски политики само си го губам времето затоа што ќе ви излезе десижн мејкерот и ве убива во поим со мисла дека вие што зборувате нема врска и дека тоа тука не поминува. Е, заради она што тие го знаат повеќе од мене и заради кое не веруваат во пазарни економски модели заради тоа и се уште се преструктуираме. На овој начин се девалвира и економската мисла и наука воопшто, бидејќи вам ви останува да си крените раменици, да промрљате дека вие само кажувате економска логика и да си заминете. Вашиот труд оди во фиока и приказната завршува. Дел од овие персони потоа заминуваат на светски познати универзитети

токму да учат економија и кога доаѓаат овде ни продаваат textbook економија како во Македонија да нема пред нив образовани надвор.

3. Сепак економијата е интересна наука. Прво, може да се отвори дебата дали е наука воопшто, а потоа да ја анализирате преку ткн економски школи. Се чини дека се уште во Македонија е актуелно повторно да се навраќаме на фундаментите на економијата како наука за оптимална алокација на ресурси, за ефикасни пазари, за пазарни неуспеси, за двете теореми на микроекономијата, за влијанието на парите итн. Ние се уште не ги знаеме фундаментите на микроекономијата на пример од заслепеност на некои министри да макроекономски им се додворат на ММФ.
4. Според ЕБРД транзиционите индикаторите, Македонија во транзицијата се наоѓала во 2005 година таму каде Бугарија била во 1998 година или каде Словенија била во 1995 година. А во 1996 година на економски факултет во Скопје се уште се учеше на постдипломски студии самоуправување во организација на производството. Микроекономијата беше хендикепирана и со отсуство на математика во нејзина педагошка експликација, а професорите бегаа од емпириско истражување како Ѓавол од крст.
5. Пред некој ден видовме дека природно-математички факултет нуди курсеви по математичка економија и се надевам дека подобро ќе ја опфатат пазарната економија од некои економско ориентирани факултети во државата. Приватната иницијатива веќе пазарно си прави селекција за тоа од кои дипломи може да очекува идни вработени, а кои дипломи им се на црна листа.
6. Голем дел во академскиот свет од економијата, се до пред извесно време, покрај сатанизирање на квантитативниот пристап почнаа да еволуираат во своите ставови очигледно немајќи каде, но и поради тоа што почнаа да приучуваат нешто за разликите помеѓу позитивната и нормативната економија.
7. Често пати се случуваше да не можат да го прилагодат своето „експертско мислење” соодветно на публиката. Така да имавте чисто академско толкување за практични проблеми и ставови, а за она што значи policy oriented размислување не можеше ни да стане збор. Потоа кога дојдоа донаторите со своите експерти, колку и да беа тие со низок квалитет, сепак се почна кон експертски анализи кои се ориентирани кон економски политики.
8. Вакви анализи кои се ориентирани кон економски политики не можат да поминат без квантитативни и емпириски анализи кои не им беа познати на голем број економисти. Во екот на нивното незнаење ја релативизираа работата преку едноставни шеми како на пример познатата дека: економски квантитативни модели не се потребни бидејќи еден камион да влезел на царина, а да не се регистрира, паѓал моделот. Потоа еволуираа дека сепак од тоа може да има нешто корист но, дека тоа не поминува во Македонија. Повеќето еволуираа под притисок на ММФ и други меѓународни финансиски институции кои со нивните модели ги правеа парче нашите преговарачи така да почна да созрева мислата, претежно

од помладите, дека нешто мора да се менува во перцепцијата кон емпириското истражување за потреби на оптимални економски политики. Замислете само дека ден денес веќе 4 години ЦЕА модел платен од УСАИД преку студиско патување во Холандија не може да заживее во Министерство за финансии во секторот за макроекономија, а еве сега ист таков модел се развива од ЕАР (се работи за ГАМС општ еквилибриум модел со платени дебело лиценци). Дел од вината за оваа ситација имате од економисти за кои врвен дострел за моделирање е инпут/аутпут табела чиј недостаток од занење на моделирање од понов датум го земаат за алиби за ништо да не се превземе. Со ваква економска мисла се остава простор за зајакнување на енциклопедиско знаење од историја на економска мисла што е сосема импотентно за земја во транзиција.

9. Поради тоа, точно е дека дел од работите се повеќе во сопственост на донаторите и се движат онака како тие ќе оценат е приоритет за Македонија. Ова и не е за критика бидејќи само го пополнуваа вакуумот од недостаток на системска конзистентна рамка од домашно производство. Еве пример.
10. Пазарот на работна сила во Македонија се разгледува веќе 10 години како издвоен пазар без да се земат во предвид и останатите пазари, а донаторите притискаат на флексибилност. На неколку пати сум кажувал дека за флексибилност на работна сила не може да се размислува во сеуште регулирана економија со висока стапка на невработеност. Значи еве академски, се разгледува пазар на едно добро/услуга-работна сила. И овде се има понуда и побарувачка и горе доле тоа е се што економската мисла има да каже. Никако да се стави во кост бенефит контекст донесувањето на разни закони од оваа сфера (Бранков закон, флексибилност на пазар итн) и да се поврзе со други пазари или пазарни неуспеси или динамика на економија. Данска во овој момент ги доживува најголемите успеси на полето на флексибилен пазар на работна сила но, во Данска стапката на невработеност е ниска, вработеноста е висока, отварање на работни места е на завидувачки високо ниво како и нивото на едуцираност на работната сила. Во Македонски услови ова инсистирање на флексибилност, кога еве ММФ не потсетува дека структурна е невработеноста, кога на сите ни е јасно дека се уште немаме образована работна сила туку една аморфна маса на амортизирани бивши работници кои чекаат вработување повеќе од 4 години како и во услови на неотворање на работни места, само ќе ја зголеми долгорочната невработеност.
11. И покрај залжбите за искористување на сиот човечки потенцијал во реформи и преструктуирање, тоа се занемарува поради претежно политичкиот непотизам. Во оваа насока и државата и бизнисите си измислија една лага дека во Македонија немало менаџери. Точно е дека нема менаџери бидејќи владите до сега си ги сместуваа своите партиски луѓе со единствен критериум на

работа во партија и членска книшка, а не квалитет на знаење и вештини, а бизнисмените се уште не разликуваат сопственост од менаџирање, а и погрешно ја сфаќаат флексибилноста на работната сила како инструмент за отпуштање на вработените кога ќе им текне. Во вакви услови нема желба, мотивација, ни простор за искористување на човечкиот потенцијал и на потенцијалните менаџери.

12. Најголема лага во оваа насока е кога од владата, министрите, премиерите, ќе чуете дека имало луѓе кои работеле и за без пари само за државни интереси и за љубов на Македонија. Ве молам, во пазарна економија се има цена па и експертскиот ангажман. Намерно се става фама од тоа дека експертите не треба да бидат платени за да им се девалвира трудот, потенцијалот и на крај за да се држат под контрола. Во овие услови имате и принцези-млади екпсерти кои се спремни да работат и во вакви услови за да им се подобрило ЦВ-то, или пак не можат ни да си го наплатат она што го договориле бидејќи еве, „требало да си го чуваат здравјето”, а од друга страна за ситни додворувања се спремни и лажно да се претставaт на јавноста.

Навистина има многу работи и примери за претставување за тоа како се уште економските агенти во РМ не знаат што е тоа пазарна економија како и за тоа дека еднаш стекнати привилегии на економско-социјални категории тешко се оптимизираат и редистрибуираат. Овде само сакам да укажам на тоа дека ние треба јасно да се декларираме како ќе одиме понатаму.

Верувам дека оваа влада ги има идентификувано овие проблеми од технички карактер, но и од функција на јавен сервис што ја имаат. Надежите и очекувањата од резултатите од нивното владеење се големи. Редно е да го разбијат стереотипот на нефикасна и captured македонска влада и да ни покажат каде оди Македонија, на сите нас, а посебно на транзиционите губитници. Од мене имаат подршка.